# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2021 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година (за даноци и придонеси)* | *41.141,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ.за 2021 година за образец (МПИН)* | *20.571,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 41.141)* | *658.256,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2021 година* | *8.438,00* |
| *Дневница за службени патувања од 23.03.2021* | *2.244,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2020 година* | *27.182,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2020 година* | *40.566,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2021 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РСМакедонија, за *2021* година изнесува:

***41.141,00 денари***

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата кои се однесуваат за период ***Јануари - Декември 2021 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08....................171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во Р.СМакедонија, објавена во **Јануари** во тековната година, според под-атоците на ДЗС, **која за *2021* година**, изнесува:

| |
|---|
| ***20.571,00 денари (41.141,00 x 50%)*** |

### *2.1. Најниска оснвица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на самостојна економска дејност (*таксисти, занаетчии*)**<br>***20.571,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)***<br>***41.141,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност *(адвокати, нотари, извршители*) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:**<br>***20.571,00 денари*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати*** кој износ **за 2021 година**, изнесува:

***658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).***

### 3.1. Највисока основица за самовработенилица

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***493.692,00 денари(12 x 41.141,00 денари)***

### 3.2. Највисока основица за извршен член на одбор на. директори, Членшна управен одбор, односно управител во трговско друштво

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** *за* пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати кој **за 2021 година**, изнесува.

***658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).***

### 3.3. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***32.913,00 денари (41.141,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата до највисоката основица се прес-метува Данок на доход.***

### *4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| *ПРИДОНЕСИ* | *Стап-ка* | *Најнизок износ* | *Највисок износ* |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инва-лидско осигурување за месец ***МАРТ/2021 година,*** по вр-аботен | 18,8% | ***3.867,00*** | ***123.752,00*** |
| Придонесот за здравствено ос-игурување за месец ***МАРТ/2021 година***, по вработен | 7,5% | ***1.543,00*** | ***49.369,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***МАРТ/2021 година***, по вработен | 1,2% | ***247,00*** | ***7.899,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***МАРТ/2021 година,*** по вра-ботен. | 0,5% | ***103,00*** | ***3.291,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.760,00*** | ***184.311,00*** |

### *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Служ-бен весник на РМ” 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

***од*** **01.01. 2020 до 30.06.2020 износува:**

**- 14.500,00 денари НЕТО износ;**

**- 17.943,00 денари БРУТО износ.**

од **01.07.2020 до 31.03.2021 година износува:**

**- 14.934,00 денари НЕТО износ;**

**- 21.776,00 денари БРУТО износ.**

[

***од*** **01.01. 2021 до 31.03.2021 износува:**

**- 14.955,00 денари НЕТО износ;**

**- 21.776,00 денари БРУТО износ**

## *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход*
### *(од 01.01.2021 до 31.12.2021 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2021*** година, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| ***Период*** | ***2021 година*** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.438,00*** |
| ***Годишно*** | ***101.256,00 (8.438 x 12)*** |

## *7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***ФЕВРУАРИ/2021*** година во однос на месец ***ЈАНУАРИ/2021*** година **<u>се ПОВИСОКИ за (+0,07%).</u>**

2. Право на пораст на платите за месец ***ФЕВРУАРИ/2021*** во однос на месец ***ЈАНУАРИ/20/21*** **година,** изнесува ***<u>(0,035%).</u>***

## 8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ

Работните часови за месец *МАРТ/2021* година, изнесуваат: ***184 часа.***

## 9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (I) МАРТ/2021 година, изнесува:***

***42.204,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.26 од 23.03.2021).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (XI-XII-I/20/21 год.) – МАРТ/2021 година изнесува:***

***41.856,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.26 од 23.03.2021).***

## *10. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

***10.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(I) МАРТ/2021 година*** изнесува:

***28.272,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.27 од 23.03.2021).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА*** **од** ***28.272,00 денари:***

***ЗА ОПШТЕСЕТВЕНИ ПРАВНИ ЛИЦА***

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br>***16.963,00 денари***<br>**(60% од основицата )** ***(28.272,00*** **x** ***60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br>***56.544,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата** ***(2*** **x** ***28.272,00)*****:**<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 56.544,00 денари*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО:***<br>***16.963,00 денари***<br>***(60% од основицата) (28.272,00*** **x** ***60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 16.963,00 денари*** |

***10.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(XI-XII-I/20/21 година) МАРТ/2021 година*** изнесува:

***28.050,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.27 од 23.03.2021).***

Износот ***28.050,00 денари*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за** ***ПРИВАТНИ правни лица:***

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

**Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да раб-отел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАРТ/2021 година изнесува:***

***11.220,00 денари во нето износ***

***(28.050,00 x 40%)***

- ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАРТ/2021 година во висина на основицата: 28.050,00 денари***

***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***
(***40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***

***16.882,00 денари-БРУТО*** **износ** ***(42.204 x 40%)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***

***56.100,00 денари***

**(*двократен износ од основицата (2 x 28.050)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 56.100,00 ден.***

***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***

***28.050,00 денари***

***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***

***16.830,00 денари***

**60% од основицата – ( 60% од *28.050,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 16.830,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

***2.244,00 денари***

**(8% од основицата (8% од *28.050,00*))**

***Ослободен од Данок на личен доход до 2.244,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***

***84.150,00 денари***

***во висина од три основици (3 х 28.050,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 84.150,00 ден.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***

***56.100,00 денари***

***во висина од две основици (2 х 28.050,00 денари)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 56.100,00 денари.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***

***28.050,00 денари***

**(*во висина на основицата)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 28.050,00 ден.***

***НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***

(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).

***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.***

***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***

**(во висина на стварни трошоци)**

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2020***

***5.436,00 денари***

(во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година *(27.182,00 х 20%)*

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.436,00***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

**Е**днократна парична помош во висина од една последна испл-атена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## *11. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/00.....142/16; 171/17; 276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2021 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2020 година (4 х 27.182,00 денари).***

***108.728,00 денари***

### *12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2021 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија според статистичките по-датоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2021 година, изнесува:

***49.811,00 денари***

### *13. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец МАРТ/2021 година*** изнесува(***2 x 28.294,00 денари)***

***56.588,00 денари .***

### *14. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ 25/00.....290/20), ***МЕСЕЧЕЧН-ИОТ НАДОМЕСТОК*** на членовите на органи на управување се ис-платува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата испла-тена во претходната 2020 година во РСМ во висина од:***

***(20.283,00 денари 50% од 40.566,00 денари)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

### *15. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД*

Трошоците по основ на уплатени доброволни придо-неси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат ***во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати*** исплатени во претходната 2020 година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат:

***81.132,00 денари**: **(2 x 40.566,00)***

## *16. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *17. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *18. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен вес-ник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе...................................................... ... 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *19. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година ("Службен весник на РМ" 307/20), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***8.415,00 денари*** <br> (**30%** од просечна ***МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% х 28.050,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 8.415,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***30.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 30.000,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br> ***15.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 15,000,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***(за најмалку 10 години работа*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година од 01.01.2021 година*** <br> ***700,00 денари*** |
| ***ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ*** <br> ***НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** <br> ***56.544,00 денари (2 х 28.272,00)*** <br> ***(Двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 56.544,00 денареи*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2021 година,НЕ Е ПРОПИШАН).*** |

| |
|---|
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ*** <br> ***за 2021 година, НЕ Е ПРОПИШАН).*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br> Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br> ***(во висина на стварни направени трошоци).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ*** <br> ***ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ за ФЕВРУАРИ/2021*** <br> ***6.085,00 денари (40.566,00 x 15%)*** <br> ***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2020 година***): <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 6.085,00 денари*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА*** <br> ***ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2021 година*** <br> ***81,60 денари*** <br> ***Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници („Службен весник на РМ" 276/2019)*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84- Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР) – за (задолжително социјално осигурување) за I/2021 (МАРТ) изнесува:*** <br> ***22.931 (50% од 45.861,00)*** |

***19.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање | 100% од основицата |

***ОСНОВИЦА:П****росечна* ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

***19.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа...........................................29%***
- ***Работа ноќе...............................................................29%***
- ***Работа во три смени ...............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се згоемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *20. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА*

### *20.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.955,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **14.955,00** |
| 2. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.517,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **724,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.679,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.679 x 1,3889)** | **21.776,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 261,00 |
| 10.Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 109,00 |
| 11 **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **6.097,00** |
| 12 Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 15.679,00 |
| 13 Даночно намалување за 2021 година | 8438,00 |
| 14 Основица за данок на доход (12 - 13) | 7.241,00 |
| **15. Данок на доход од 10% (14 x 10%)** | **724,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **14.955,00** |

### *20.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 21.776,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.776,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 261,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 109,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **6.097,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.679,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 7.241,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **724,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **14.955,00** |

### *20.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 20.571,00 денари во (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **20.571,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.867,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.543,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 247,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 103,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.760,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 14.811,00 |
| 8.Даночно намалување за 2021 година | 8438,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 6.373,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | **637,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **14.174,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 20.571,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 20.571,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 20.571,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 14.174,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 637,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.760,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 14.174,00 | |
| 2340 – Персонален данок од плата | 637,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.760,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 20.571,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

### *20.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 658.256,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **658.256,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 123.752,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 49.369,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.899,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.291,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **184.311,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 473.945,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 465.507,00 |
| **10. Данок на доход од (9 x 10%)** | **46.551,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 10)** | **427.394,00** |

### *20.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ОЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 184.311,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **515.689,00** |
| 4. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 507.251,00 |
| **6.Данок на личен доход од 10%** *(5 x 10%)* | **50.725,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **464.964,00** |